**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМРАСТВО И ВОДОСТОПНАСТВО**
**ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД**

# ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ИПАРД ПРОГРАМАТА 2021-2027

(Согласно член 56 од Секторскиот договор)

Март, 2023

Co-funded by The European Union

IPARD

IPARD Programme 2021-2027
ИПАРД Програма 2021-2027

Ко-финансирано од Северна Македонија

## Table of Contents

1. Цели на Планот за евалуација ........ 3

2. Управување и координација ........ 3

3. Теми и активности на евалуација ........ 5

4. Податоци и информации ........ 6

5. Временска рамка ........ 8

6. Комуникација ........ 10

7. Ресурси ........ 11

## 1. Цели на Планот за евалуација

Системот за евалуација има за цел да им обезбеди на институциите и засегнатите страни, ангажирани во управувањето и спроведувањето на Програмата, веродостојни информации за програмските резултати, и влијанија за да им се овозможи да донесат соодветни одлуки за управување.

Оттука произлегува потребата од изготвување на план за евалуација, како составен дел на ИПАРД, за потаргетирани активности за евалуација и подобро искористување на резултатите од евалуацијата.

Планираната и структурирана евалуација ќе обезбеди соодветни податоци и ресурси за задачите за евалуацијата. Ќе го намали административниот товар и ќе ги насочи активностите за евалуација кон потребите на засегнатите страни од ИПАРД.

Планот за евалуација, исто така, ќе воспостави врски помеѓу активностите за мониторинг, евалуација и известување, во текот на програмскиот период. Тоа ќе осигури дека цврстите докази од наодите од евалуацијата се доставуваат меѓу сите засегнати страни во ИПАРД.

Планирање на евалуација на самиот почеток на имплементацијата на програмата ќе обезбеди сеопфатен преглед на евалуацијата на интервенцијата на политиката за рурален развој во областа ИПАРД, така што сите актери стануваат свесни за планираните резултати.

## 2. Управување и координација

Со цел да се осигури дека системот за следење и евалуација може да даде резултати, предуслов е добро дизајниран и силен систем на управување и координација. Рамковниот финансиски и партнерски договор и Секторскиот договор ги поставуваат законските барања и ги дефинираат одговорните тела за спроведување на задачите за следење и евалуација.

Целокупната одговорност за организирање на процесот на евалуација на ИПАРД III Програмата е во Одделението за програмирање и евалуација на ИПАРД, во рамките на Телото за управување со ИПАРД. Тие се одговорни за изготвување план за евалуација и координирање на неговото спроведување. Телото за управување со ИПАРД е исто така одговорно за доставување на секоја евалуација до Европската комисија и за објавување на извештаите од евалуацијата. Дополнително, Раководителот на Телото за управување ја олеснува соработката

меѓу засегнатите страни за следење и евалуација и обезбедува градење на капацитетите на засегнатите страни. Телото за управување со ИПАРД е исто така директно вклучено во собирањето и обработката на податоците од мониторингот.

Комитетот за следење има одговорност да го следи спроведувањето на програмата и напредокот кон остварување на нејзините цели, главно преку употреба на индикатори, и ги разгледува и одобрува годишните извештаи за спроведување (AIR) пред да бидат испратени до ЕК. Комитетот за следење ги испитува активностите и резултатите поврзани со напредокот во спроведувањето на планот за евалуација и може да издаде препораки до Телото за управување со ИПАРД во врска со спроведувањето и евалуацијата на програмата и потоа да ги следи активностите преземени како резултат на неговите препораки.

ИПАРД Платежната агенција има важна улога во активностите за евалуација бидејќи има информации за апликации, поддржани проекти, плаќања и контроли. Со други зборови, голем дел од основните податоци потребни за спроведување на процесите на евалуација се чуваат во ИПАРД Платежната агенција. Затоа, процедурите и Договорот за имплементација помеѓу ИПАРД Платежната агенција и Телото за управување со ИПАРД ќе обезбедат навремен пристап и доставување на податоците за евалуација.

Кога е потребно, во консултација со Државниот завод за статистика, релевантните министерства, националните и регионалните институти и агенции и со другите извори на податоци, Телото за управување со ИПАРД ќе го дефинира форматот, начинот и периодичноста на собирањето на податоците и обезбедувањето на индикаторите потребни за спроведување на задачите за евалуација.

Корисниците на ИПАРД Програмата директно, на два начина се вклучени во процесот на мониторинг и евалуација. Од нив не се бара само да дадат информации кои се однесуваат на мониторингот и евалуацијата на програмата, туку и преку организациите што ги претставуваат корисниците, како што се сојузи на земјоделци и здруженијата, кои се вклучени во Комиеттот за следење на ИПАРД.

Проценувачите (евалуаторите) мора да бидат надворешни и независни од структурите кои имаат каква било минато, сегашна или претстојна идна врска со дизајнот, програмирањето и спроведувањето на ИПАРД III Програмата, проектите или активностите што се проценуваат. Поради оваа причина, вработените во Телото за управување со ИПАРД кои директно или индиректно се вклучени во ИПАРД III Програмата што се проценува, не може да учествуваат во тимот за евалуација.

Затоа, процесот на избор на консултант(и) за евалуација ќе се врши во надлежност на Одделението за техничка помош и публицитет на ИПАРД (UTAP) со одговорност да го подготви тендерското досие врз основа на ToR обезбедени од Одделението за програмирање и евалуација, да формира комисија за евалуација и да ја спроведе постапката за склучување договори, во согласност со упатствата за набавки на ЕК (PRAG).

По нејзиното формирање, Националната рурална мрежа ќе учествува во собирањето на различни податоци и ќе го вклучи ширењето на наодите од евалуацијата и препораките во нивниот Акционен и комуникациски план.

## 3. Теми и активности на евалуација

ИПАРД III Програмата ќе биде предмет на ex-ante и ex-post евалуација и онаму каде што Комисијата смета дека е соодветно, "интерим" евалуации спроведени од независни проценувачи под одговорност на Телото за управување со ИПАРД.

Проценките ќе го проверат:

- степенот на искористеност на ресурсите;
- ефективност и ефикасност на програмирањето;
- социо-економското влијание и влијание врз дефинираните цели и приоритети.

Особено ефективноста на мерките од ИПАРД III Програмата се проценува врз основа на нивното севкупно влијание врз:

a. придонес во подготовката на земјата за спроведување на Acquis communautaire во однос на Заедничката земјоделска политика и поврзаните политики;
b. придонесувајќи за одржливо прилагодување на земјоделскиот сектор и руралните средини во земјата;
c. целите на IPARD III Programme.

Проценките (евалуациите) ќе ги опфатат целите на ИПАРД III Програмата и имаат за цел да извлечат поуки за политиката за рурален развој. Тие ќе ги идентификуваат факторите кои придонеле за успехот или неуспехот на имплементацијата на ИПАРД III Програмата, вклучително и одржливоста на активностите и идентификацијата на најдобрите практики. Извештаите за евалуација ја објаснуваат применетата методологија и вклучуваат проценка на квалитетот на податоците и наодите.

Во раната фаза од спроведувањето на ИПАРД III Програмата, активноста за евалуација (доколку е потребно) ќе биде фокусирана на ефикасноста и ефективноста на процесите на имплементација. Целта е да се изведат докази кои ќе му овозможат на Телото за управување со ИПАРД за какви било модификации (измени) на програмата или подобрувања на процедурите во ИПАРД Платежната агенција.

Со воведувањето на мерката LEADER и воспоставувањето на Националната мрежа за рурален развој ќе се развијат конкретни барања во однос на активностите за евалуација на овие мерки.

Екс-пост евалуацијата ќе се спроведе со цел да се сумира напредокот во однос на индикаторите за резултат и влијание и да се анализираат нето ефектите. Ова ќе ги даде потребните докази, научените лекции и ќе го наведе Телото за управување со ИПАРД да започне со подготовките за новиот програмски период.

## 4. Податоци и информации

Процесите на утврдување на потребните податоци, собирање, валидација и верификација на податоците и подготовка на табели за следење како алатка за систем за собирање податоци на физичките, финансиските и еколошките индикатори, е опишано во процедурите за работа на Телото за управување со ИПАРД.

ТУ со ИПАРД е одговорно за воспоставување доверлив систем за собирање податоци за целите на мониторинг и евалуација.

Податоците треба да се собираат преку повеќе различни инструменти и од различни агенции. Податоците може да се собираат од примарни и/или секундарни извори. Примарните податоци се собираат со користење на методи како што се интервјуа, прашалници, интервјуа во фокус групи, набљудување, студии на случај, дневници, критични инциденти, портфолија итн.

Примарното собирање податоци како скап метод често се користи за да се надополни недостатокот на податоци за мерење на одреден индикатор или за обезбедување квалитет и валидност на секундарните податоци.

Секундарните податоци се собираат од бази на податоци и постоечки регистри во институциите, агенциите или од невладините организации.

За да се избегне дуплирање на напорите, трошење непотребни средства, се препорачува секогаш кога е можно да се потпреме на постоечките (секундарни податоци) како што се:

- Податоци за управување и следење;
- Студии и истражувања во однос на областа што се разгледува;
- Објавени статистички извори;
- Извештаи за евалуација и нивни анекси.

ИПАРД Платежната агенција ќе дејствува како давател на податоци за мониторинг и евалуација на Телото за управување со ИПАРД, одговорно да обезбеди потврдени и точни податоци за физичките, еколошките и финансиските показатели како во табелите за мониторинг подготвени од Телото за управување со ИПАРД.

Во случај да се наидат на грешки, ИПАРД Платежната агенција е должна да ги исправи настанатите грешки и да достави корекции со образложение до Телото за управување со ИПАРД веднаш по констатираните грешки.

Податоците се обезбедуваат на месечна, полугодишна и годишна основа според потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу ИПАРД МА и ИПАРД Платежната агенција. Дополнително на барањата за податоци од мониторингот утврдени во табелите за мониторинг, ИПАРД Платежната агенција ќе обезбеди дополнителни податоци до Телото за управување со ИПАРД на барање во согласност со потпишаниот Меморандум за соработка.

Барањето од Телото за управување со ИПАРД ќе биде поддржано со детали за потребните податоци и форматот што треба да се користи доколку е можно.

Табелите за мониторинг се подготвуваат во Одделението за мониторинг и известување (ТУ со ИПАРД), се консултираат со Комисија и се одобруваат од Комитетот за следење на ИПАРД. Покрај ИПАРД Платежната агенција, податоците ќе се собираат и од постоечките регистри на други даватели на податоци, како Државниот завод за статистика, МЗШВ и други министерства, агенции и институти различни регистри.

Сите овие даватели на податоци обезбедуваат потврдени податоци на барање. Оценувачот независно ќе ги побара сите податоци што недостасуваат потребни за активностите за евалуација, но во исто време Телото за управување со ИПАРД ќе биде известено за таквите барања.

Различни податоци може да се бараат и од формуларите за аплицирање заради подготовка на различни анализи и извештаи. Дополнително, корисниците се обврзани да доставуваат податоци за инвестициите/проектите спроведени пет (5) години по примањето на последната исплата.

Заштитата на личните податоци се обезбедува во рамките на усогласеноста со одредбите на ЕУ и националното законодавство.

Евентуалното воведување на електронски ИПАРД апликации (за сите или дел од мерките), може значително да придонесе за подобрување на пристапноста и обработката на податоците.

## 5. Временска рамка

Телото за управување со ИПАРД ќе обезбеди евалуациите на ИПАРД III Програмата да се спроведат во временските рокови утврдени во секторската спогодба.

Евалуацијата е поделена во три главни фази:

- ex-ante евалуација (прелиминарна);
- привремена (interim) евалуација (доколку е соодветно);
- ex-post евалуација (последователна).

Ex-ante евалуацијата претставува дел од изготвувањето на ИПАРД III Програмата и има за цел да ја оптимизира распределбата на буџетските ресурси и да го подобри квалитетот на програмирањето. Извршена е ex-ante проценка на ИПАРД III Програмата пред конечното доставување на програмата до ЕК на усвојување. Истиот беше извршен од независни евалуатори и ex-ante извештајот е вклучен како посебно поглавје во ИПАРД Програмата 2021-2027 година.

Доколку Комисијата смета дека е потребно, може да се реализира привремена (interim) евалуација.

Најдоцна до крајот на првата година по периодот на спроведување на програмата, ќе се спроведе ex-post евалуација за ИПАРД III Програмата. Тој извештај се комплетира и доставува до Комисијата најдоцна до крајот на таа година.

Во Годишните извештаи за имплементација и во финалниот извештај за спроведувањето на ИПАРД III Програмата се срочува резиме за спроведените активности по однос на планот за евалуација како и сумирани податоци на сите наоди и препораки.

Следниот индикативен преглед ја претставува временската рамка на активностите за евалуација на ИПАРД III Програмата:

2023 - Идентификување на потребите за евалуација специфични за програмата, дефинирање на прашања и индикатори за евалуација специфични за програмата, идентификување на барањата за податоци за евалуација и проверка на изворите на податоци; одлучување за податоците што треба да се соберат за евалуација преку системот за мониторинг од формулари за аплицирање, барања за исплата и други алатки за следење;

2025 година – Телото за управување со ИПАРД го набљудува напредокот на програмата и собира податоци од корисниците преку системите за мониторинг за излезни, целни и комплементарни (за резултати) индикатори, со цел да се подготви Годишниот извештај за спроведување (AIR) подготовка на ToR и тендерски постапки за склучување договори со надворешни проценувачи/експерти, доколку е потребно;

2026 година – Надворешниот проценувач/експерти се договорени да собираат дополнителни информации/податоци за да се пополнат празнините во податоците и информациите и да се спроведат ad hoc евалуации;

2027 година – Спроведување ad hoc студии за евалуација доколку е потребно;

2029 година – Подготовка на работните задачи (ToR) и спроведување на тендерска постапка, за да се осигура дека е дадено соодветно време на надворешниот оценувач да спроведе квалитетна ex post евалуација;

2030 - Ќе бидат финализирани сите проекти склучени во рамките на програмскиот период ИПАРД 2021–2027 година, вклучително и собирање на податоци за следење од корисниците. Дополнително, податоци и за одбиените баратели се собираат, обработуваат и синтетизираат во согласност со избраните методи за евалуација и барањата за известување, со цел да се овозможи проценка на влијанијата и постигнувањата на програмата кон целите на ЕУ и руралниот развој;

2031 година - До 30 јуни 2031 година, МА го подготвува и доставува стандардот Годишниот извештај за спроведување (AIR) за 2030 (која ја покрива 2030 година) и до 31 декември 2031 година извештај за ex post евалуација;

<u>Телото за управување со ИПАРД секоја година известува за постигнатите резултати според Планот за евалуација до Комитетот за следење на ИПАРД III Програмата.</u>

## 6. Комуникација

Телото за управување со ИПАРД како одговорна институција ќе ги стави на располагање резултатите од активностите за евалуација на сите одговорните структури на ИПАРД, на корисниците на ИПАРД, научната заедница, економските партнери и различните засегнати страни. Наодите од евалуацијата (Извештаите за евалуација) ќе претставуваат дел од Годишните извештаи за имплементација кои треба да се објавуваат редовно (на годишна основа) на официјалната веб-страница на ИПАРД и/или преку други видови на публикации.

По формирањето на Националната мрежа за рурален развој, Акцискиот и комуникацискиот план на руралната мрежа ќе го вклучи и начинот на информирање и известување за активностите и резултатите од евалуацијата.

Извештајот за евалуација ги идентификува и проценува среднорочните и долгорочните потреби, целите што треба да се постигнат, очекуваните резултати, квантифицираните цели, особено во однос на влијанието согласно почетната состојба, додадената вредност на Заедницата, степенот до кој приоритетите се земени во предвид, дефинираните, научените лекции и квалитетот на процедурите за спроведување, следење на програмата, евалуација и финансиско управување.

Системот за спроведување на резултатите од евалуацијата е развиен и опишан во работните прирачници за процедури на Телото за управување со ИПАРД.

Целната структура (за кого) и нивните потреби за информации (за што), методите и средствата за комуникација соодветни за секоја структура (како), времето на комуникација (кога) и одговорните лица (кои) се опишани во табелата подолу :

| КОЈ | ЗА КОГО | ШТО | КОГА | КАКО |
|---|---|---|---|---|
| ТУ за ИПАРД , ИПАРД Платежна Агенција | ИПАРД структури (ТУ за ИПАРД, ИПАРД ПА, членови на КС на ИПАРД III итн.) | Управување со програмата и процесот на спроведување | Во ГИС (AIR) | Внатрешни состаноци, веб страна, ГИС (AIR) |
| ТУ за ИПАРД , | Општа јавност | Процеси на имплементација, | По секоја модификација | Веб-страница, состаноци, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ИПАРД Платежна Агенција | | барања, ефекти, влијанија итн. | на програмата / или кога е потребно | работилници, билтени, резиме извештаи, јавни медиуми итн |
| ТУ за ИПАРД , ИПАРД Платежна Агенција | ЕК, владини тела (креатори на политики) | Управување со програмата, процесот на имплементација, резултати, ефекти, влијанија. | Според ИПАРД III СС и на барање. Привремениот извештај за евалуација и извештајот за екс-пост евалуација се испраќаат до Комисијата според одредбите на ИПАРД III СС. | Внатрешни состаноци, збирни извештаи, ГИС (AIR's) |

## 7. Ресурси

Имплементацијата на Планот за евалуација и следствено на евалуациите на ИПАРД III Програмата ќе се спроведуваат во рамките на мерката за техничка помош. Ќе бидат ангажирани надворешни, независни оценувачи/експерти за спроведување на ИПАРД III евалуациите.

Поголемиот број од активностите во рамките на системот за евалуација треба да бидат управувани од внатрешните ресурси на ТУ со ИПАРД. Затоа, постои јасна потреба од квалитативно и квантитативно зајакнување на човечките ресурси на ТУ со ИПАРД за ефикасно извршување на задачите за евалуација.

Исто така, развојот на вештините на сите нивоа и градењето капацитети на другите актери вклучени во евалуацијата, потоа развојот на процедури и алатки за евалуација се суштински дел од оваа активност.